20262243704

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.274/22, 255/24, 59/25, 58/26 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 септември 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за проширена репродукција на шумите за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/26), делот II се менува и гласи:

„За извршување на работите и мерките од дел I од оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

| Ред. број | Извор | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Република Северна Македонија | 19.373.000,00 |
| Вкупно: | | 19.373.000,00 |

“.

II

Во делот III став 1 во воведната реченица износот „17.000.000,00“ се заменува со износот „19.373.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Ред. Бр. | Вид на работа / мерка | Извршител | Количина и единечна мерка | Цена по единечна мерка (денари) | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова – пошумување со садници | ЈП „Национални шуми“ | 76.64 ха | 142.560,00 | 10.926.600,00 |
| 2. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје | / | / | 1.235.995,64 |
| 3. | Неизмирени обврски од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 година за: | | | | |
| 3.1. | Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост | Сопственик на шуми во приватна сопственост | 1,0 ха | 85.000,00 | 85.000,00 |
| 3.2. | Отстранување на последиците од шумски пожари на површина поголема од 50 ха во рамките на една шумскостопанска единица преку вештачка обнова со: | ЈП „Национални шуми“ | | | |
| | 1.1 пошумување со садници | | 14.9 ха | 142.560,00 | 2.124.144,00 |
| | 1.2 пошумување со семе (подсејување) | | 53.76 ха | 70.836,00 | 3.808.143,36 |
| 3.3. | Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје | | 1.193.117,00 | 1.193.117,00 |
| Вкупно: | | | | | 19.373.000,00 |

“.

Во ставот 4 зборовите „Факултетот за шумарски науки“ се заменуваат со зборовите „Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје.

Во ставот 7 зборовите „Факултетот за шумарски науки“ се заменуваат со зборовите „Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинжинеринг „Ханс Ем“ од Скопје.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-6692/8
22 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.